# I. Правила за организација на ЕУ-планската игра „Ново обликување на Европа" во југоисточна Европа

## 1. Времетраење на планската игра и тек

Форматот на планската игра за југоисточна Европа што се докажа во пракса, трае 2 дена. Од практични причини се препорачува нејзина реализација за викенд (сабота и недела). Причини за тоа се:

- работно ангажираните раководители на планската игра не мора да земаат одмор,
- на учениците-учесници не им е потребно да бидат ослободувани од настава,
- времињата за пристигнување се совладуваат подобро,
- просториите во политичките институции на пример собранија на општини, владини или парламентарни објекти по правило се слободни (недостаток: постои можност, домаќините на објектите да можат да се добијат потешко).

Секако, постои можност и за реализација на планските игри во некој друг формат или вметнати во некоја друга манифестација. Исто така и должината на планската игра може да варира. Сепак, горенаведениот временски период се докажа во пракса како соодветен.

**Следната груба структура на планската игра се докажа како соодветна:**

Ден 1

| | |
|---|---|
| 9:30 часот | Почеток. Пристигнување на учесниците и регистрација |
| 10:00 часот | Поздрав и претставување на раководителите на играта (Teamer) |
| 10:30 часот | Претставување на целокупниот тек |
| 10:45 часот | Вовед во Европската унија |
| 12:00 часот | Претставување на текот на планската игра, распределба на улогите, запознавање со профилите на улогите |
| 13:00 часот | Запознавање со принципите и правилата и отворање напланската игра |
| 13:15 часот | Говор на претседателот на Комисијата |
| 13:30 часот | Ручек |
| 14:30 часот | Поднесување на барањата за пристапување и нивно предавањена Советот (кој ги проследува до ЕП и ЕК) |
| 15:30 часот | Барањата за пристапување се обработуваат во трите институции за да можат да бидат паралелно дискутирани со државите-апликанти |
| 15:30 часот | Институциите водат разговори со подносителите на барањата |
| 16:45 часот | Пауза |
| 17:00 часот | Институциите заседаваат по однос на барањата врз основа на критериумите од Копенхаген |
| 17:30 часот | ЕП и ЕК пишуваат мислења за можното доделување на статусот кандидат и ги проследуваат до Советот. Советот заседава по однос на мислењата |
| 18:00 часот | Се прави резиме на досегашниот тек и се објаснува следниот ден |

Ден 2

| | | |
|---|---|---|
| 9:00 | часот | Почеток и пристигнување на учесниците |
| 9:15 | часот | Поздравување и резиме на текот на денот |
| 9:30 | часот | Советот донесува одлука за статусот на кандидат |
| 10:00 | часот | Прес-конференција и соопштување на одлуките |
| 10:15 | часот | Пауза |
| 10:30 | часот | Преговори на Советот и на ЕК со кандидатите за пристапување Едногласно гласање во Советот, Парламентот одлучува со мнозинство |
| 12:00 | часот | Ручек |
| 13:30 | часот | Соопштување на новите членки на ЕУ, потпишување на договорите и прес-конференција |
| 14:00 | часот | Пауза |
| 14:30 | часот | Евалуација, доделување на сертификатите за учество |
| 15:30 | часот | Крај на манифестацијата |

## 2. Место за одржување на манифестацијата и простории

За учесниците во планската игра е мошне атрактивно да ја реализираат оваа игра во простории на политичките институции: собранија на општини, парламенти итн. Таму е и поедноставно да се идентификуваат со улогата на активни политичари. Особено на младите им причинува големо задоволство, кога се наоѓаат на автентични места, кои по правило (сè) уште се сосем недостапни за нив и им се познати само од телевизија или медиумите.

Користењето на таквите објекти мора да биде побарано мошне рано, најмалку 6 до 8 недели пред планираната манифестација, кај надлежната служба или лице. Наједноставно е да се поднесе официјално писмено барање од страна на односната организација-носител. Особено информации од практичен карактер мора да бидат разјаснети.

Пред поднесување на барањето сепак се препорачува индивидуален разговор со надлежното лице или служба, на кој се дискутира за практични детали:

- Дали во објектот смеат да се носат пијалоци?
- Дали мензата може да се користи за јадење? Ако да, кои се трошоците?
- Дали е дозволено сервирање на ручекот во објектот од страна на кетеринг-фирма?
- Дали постојат безбедносни правила и безбедносни контроли? Дали учесниците мора да земат со себе документи за идентификација?
- Дали институцијата би можела да финансира евентуална дополнителна работа на персоналот?
- Кое е работното време во објектот?
- Дали за време на викендот на располагање стојат технички апарати, на пример разгласен систем, копир-апарат?
- Дали постои куќен ред што мора да се почитува?

Во барањето потребно е да стои следното:

- За каков вид на мерка (политичко образование) станува збор и колку лица се очекуваат?
- Кој е носител и кој ја финансира мерката?
- Колку простории се потребни и кои?
- Каква помош се очекува од местото на одржување на манифестацијата?
- Какви материјали и апарати ќе бидат донесени?
- Усно договореното?

Јасно се препорачува да инсистирате на навремено писмено одобрување и да не се потпирате на усни согласности. Во ова одобрување потребно е да бидат наведени горенаведените одделни точки од барањето.

Во одделните простории за планската игра е потребно следното:

- Пленарна сала или голема сала за состаноци за сите учесници за пленарните средби
- Просторија за состаноци за Советот
- Просторија за состаноци за Парламентот, доколку пленарната сала е преголема или не е соодветна
- Помала работна просторија за Европската комисија
- Групи со седишта во лобито или во ходникот или една поголема просторија за делегациите на државите што искажуваат волја за пристапување
- Една помала работна просторија за медиумите

## 3. Регрутирање и регистрација на учесниците

Планската игра е погодна за постари ученици од сите типови на училишта како и за помлади универзитетски студенти од која било студиска насока. Претходни познавања не се неопходни.

Како успешно се покажа јавното огласување за учество во планската игра, бидејќи пред сѐ мотивирани се оние лица кои се одлучуваат по своја слободна волја. Сепак, предуслов е внимателно информирање во врска со планската игра, бидејќи овој метод не е познат во југоисточна Европа.

Најефективна е посетата на училишни класови или семинарски групи на универзитет и живото опишување на проектот од страна на лице кое веќе има практично искуство со планската игра.

Пријавувањето може да се изврши со апликација, во која се внесуваат презимето и името, адреса на е-пошта како и телефонски број и клас. Доколку дополнително е потребно да се создаде карактер на конкуренција, во тој случај организаторот може, на пример, да изјави дека апликантот треба да напише краток есеј по прашањето: Што очекувам од Европската унија? Таквиот есеј може да биде вреднуван според посебно поставени критериуми. Доколку се добијат премногу апликации, можат да бидат избрани оние што го напишале најдобриот есеј.

На избраните учесници потребно е да им бидат навремено дадени следните информации:

- Датум и време (почеток, крај) на манифестацијата
- Место за средба на првиот ден
- Документи за идентификација, доколку се евентуално потребни
- Упатство дека не се неопходни претходни познавања
- Молба за соодветна облека, каква што носат политичарите
- Обврзувачка повратна информација

Регистрација на учесниците:
Организаторите на планската игра мора на почетокот да го знаат точниот број на присутни за добро да го организираат распределувањето на улогите. Освен тоа, голем број донатори бараат листи со потписи. Затоа се препорачува на влезот од

институцијата да се постави маса, на која се наоѓаат алфабетски подредени листи со имиња на пријавените, а на кои пристигнатите лица мора да се потпишат.

## 4. Организација на ручекот и паузите

За дводневната планска игра мора да се планираат два оброка за учесниците. Особено кај голем број учесници се препорачува ангажирање на кетеринг-фирма што може да сервира топло пладневно бифе во објектот, доколку тоа е одобрено.
Доколку во близина има соодветен ресторан, претходно би требало да се договори единствено мени за една паушална цена, бидејќи времето за индивидуални нарачки според мени е премногу кратко.

Во текот на планската игра, а за време на кратките паузи, потребно е или да бидат донесени пијалоци или во просториите за состаноци на располагање да стојат пијалоци. Станувате жеден кога зборувате и мислите многу!
Раководителите во играта (Teamer) треба да им укажат на учесниците дека паузата за ручек и кратките паузи не се паузи од планската игра, туку дека, исто како и во вистинскиот живот на политичарите, паузите треба да бидат искористени за неформални разговори и лобирање. Учесниците треба да ги поминат своите паузи во нивните улоги, значи да се обраќаат меѓусебно на „Вие“ и употребувајќи го името на учесникот во играта.

## 5. Подготовка на материјалите, технички апарати и опис на улогите

Организаторите треба да определат едно лице за подготовка и обезбедување на материјалите, кое за време на целокупниот тек ја сноси одговорноста и управува со материјалите.

Следните (технички) апарати може, но не мора, да стојат на располагање:
- ЛЦД-проектор (бимер) и лаптоп за проектирање на клучните точки при пленарни средби.
- Алтернативи се: графоскоп или големи хамери/флип-чартови, на кои се запишуваат клучните зборови (како ѕиден весник)
- Дигитален фотоапарат и/или фотоапарат
- Копир-машина (доколку нема во институцијата или во близина нема копирница)

Материјали:
- Големи хамери
- Едно пакување бела хартија
- Едно мало пакување шарена хартија (картички)
- Фломастери/пенкала за сите учесници
- Ознаки за имиња (дебела самолеплива лента на која може да се пишува)
- Дебели фломастери за пишување на ознаките за имиња
- Дебели маркерти за флип-чартот
- Самолеплива лента за прицврстување на хамерите на ѕидовите
- Самолеплива лента
- Ножица
- Патокази и ознаки за означување на просториите за состаноци и работните простории („Совет на ЕУ“, „Европски парламент“, „Комисија“, имиња на земјите со волја за пристапување, „Медиуми“), покрај тоа евентуално и „Ресторан“, „Тоалет“, „Влез“, „Излез“ итн.

- Брошури како информации за ЕУ на англиски или на јазикот на земјата (да се земат од лицата испратени од ЕУ-Комисијата)

Документи за планската игра
Документите за планската игра мора да бидат мошне внимателно подготвени, за да не дојде до забуна при распределбата на описите на улогите.
Ако планската игра е предвидена на пример за 40 учесника и е огласена, потребно е да имате ископирано како залиха повеќе дополнителни примероци од описите на улогите, коишто ќе ви стојат на располагање доколку се појават повеќе учесници.

Секој учесник ги добива следните документи:
- Краток опис и надлежности на ЕУ-институциите
- Краток опис на (вклучените) земји со волја за пристапување
- Инфо-лист за земјата со волја за пристапување
- Сценарио
- Бекграунд-информации (критериумите од Копенхаген)
- План за текот на планската игра

Дополнителни документи за Комисијата:
- Секој учесник добива опис на Комисијата
- Избраниот претседател на Комисијата го добива текстот за почетниот говор

Двата документа претходно се спојуваат со хефталица/спајалица.

Дополнителни документи за Советот:
- Општ вовед во Советот
- Опис на улогата на односниот министер за надворешни работи

Двата документа претходно се спојуваат со хефталица/спајалица.

Дополнителни документи за Парламентот на ЕУ:
- Општ вовед во Парламентот на ЕУ
- Вовед во фракцијата на која припаѓа пратеникот
- Опис на улогата на пратеникот

Овие три документа претходно се спојуваат со хефталица/спајалица.

Допоолнителни документи за секоја земја со волја за пристапување:
- Општ вовед во земјите со волја за пристапување
- Опис на улогата за одделната земја
- Формулари за поднесување на барањето

Првите два документа се спојуваат со хефталица/спајалица.

Документи за учесниците на групата на медиумите:
- Опис на улогата на медиумите

## 6. Сертификати за учесниците

За учесниците е особено атрактивно, како еден вид сеќавање, поттик, но и награда, на крајот да им биде врачен сертификат за учество. Сертификатите треба да бидат издадени индивидуално, тоа значи со имиња, датум и времетраење на манифестацијата. Исто така, можно е да се даде кратко претставување на содржината на манифестацијата.

Сертификатите треба да бидат испечатени на (чиста) тврда хартија, да содржат логоа во боја, вклучувајќи ги и логоата на организациите-партнери и да бидат своерачно потпишани од страна на раководителите на играта односно организацијата-партнер. Примопредавањето на сертификатите за семинарот може да биде организирано на свечен начин, на пример со пуштање на химната на Европската унија.

## 7. Однос со гости и вистински медиуми

Планската игра секогаш претставува посебно збиднување и честопати знае да предизвика особен интерес кај организациите-партнери или организациите-носители, но и кај медиумите. Доколку манифестациите се одржуваат во училишта односно универзитети со ученици односно студенти, во тој случај можно е и наставниот персонал да искаже интерес за манифестацијата.

Потребно е јасно да се каже дека секој гостин од страна значи пречка во симулацијата, бидејќи тој не претставува дел од целокупниот процес. Доколку не можат да се избегнат гости, потребно е да се издејствува, таквите гости да се однесуваат мирно и да не се мешаат во случувањето со коментари, препораки или дури погрешно знаење. Раководителите на играта во таков случај мора да бидат тврди и да ги упатат гостите надвор од просторијата и, доколку воопшто, да укажат на дискусија односно на евалуацијата на крајот од планската игра. Исто така и „вистинските" медиуми мора да се придржуваат на овие правила, но за време на кратките паузи можат да интервјуираат одделни актери пред врата. Тука би било важно да се укаже на тоа, учесниците во секој случај да бидат интервјуирани во нивните улоги (како министер, пратеник или комесар). Не треба да се изврши прекин на нивото на планската игра. Ова треба да му биде објаснето и на наставниот персонал, и во случаи кога тој мисли добро.

Доколку такви лица се присутни континуирано за време на манифестацијата, би можело да се размисли и за тоа, на таквите лица да им бидат дадени задачи и истите да бидат вклучени (медиуми, советници итн.). Но, на сите вклучени страни треба да им биде јасно дека тие гости ќе бидат дел од планската игра и нема по своја желба да излезат од своите улоги ниту пак можат да ги менуваат своите идентитети. Ваквата опција и онака се одбива за наставниот персонал, бидејќи во планската игра може да дојде до појава на несакана хиерархија, а учесниците можат да бидат доведени во, најчесто несакана, состојба на вреднување.

Затоа потребно е сосем внимателен однос со инструментот на вклучување на гостите.

## 8. Изработка на изјава на младите до ЕУ

Планската игра може да биде збогатена со политички елемент, при што на учесниците им се дава можност да ги комуницираат своите желби и очекувања од Европската унија. Притоа како соодветна се покажа формата на една заедничка изјава на младите што организаторот потоа ја проследува до реалните европски политичари. Притоа водечкото прашање може да гласи: Што очекуваме ние, учесниците во ЕУ-планската игра, од Европската унија?

Како погодно се покажува учењето за Европскиот парламент на вториот ден, додека Советот преговара ги преговара условите за договорот со одделните држави-апликанти (види го горенаведениот временски план на вториот ден во 10:30 часот). Парламентарците добиваат задача за изработка на предлог, којшто потоа се чита, коментира и евентуално изменува во пленарниот дел пред ручекот. Конечната верзија се чита уште еднаш и се донесува со мнозинство во пленум. Доколку странски гости, на пример шефови на делегации на Европската комисија, се поканети на потпишување на договорот и прес-конференција, тогаш изјавата може да биде преведена на странски јазик во текот на паузата за ручек и да биде јавно прочитана по изјавата за медиумите. Гостите може да бидат замолени да заземат став по оваа изјава. Целта на учењето на овој дополнителен елемент е да се искажат очекувања и желби, истите да се формулираат и усогласат во една поголема група. Освен тоа, тоа има стимулирачко дејство кај младите за стапување во контакт со политичките актери, кои вообичаено се наоѓаат вон дофат.

# Читанка – Фокус Балкан

## Почеток на планската игра

Нашата планска игра започнува со прием во просториите на **Европската комисија** во Брисел, на кој учествуваат **сите актери**. Тука се собира само една мала избрана група  на донесувачи на одлуки. Станува збор за шефовите на држави и влади, избрани парламентарци, членови на Комисијата, испратени претставници на државите-апликанти и мал број ексклузивни претставници на медиумите, кои воспоставуваат првични неформални контакти и внимателно градат односи. Претседателот на Европската комисија држи говор што служи како еден вид патоказ, за потоа да даде опширно интервју за медиумите.

## Први средби

Потоа одделните **институции** влегуваат во посебни простории, каде се собираат за својата прва работна средба. Тие започнуваат со подготовка на своите позиции. За таа цел најпрво се одржува една рунда на претставување како и прв краток опис на одделните политички позиции. Потоа **Советот** и **Европскиот парламент** избираат претседател од своите редови и донесуваат Деловник за работа (на пример дефинирање на времето за говор, листа на говорници итн.). Потоа телата, под водство на претседателите, изработуваат позиционирачки документ („Што нѐ обединува?", „Што нѐ дели?", „Какви интереси имаат одделните членки (заедно)?"), што може да послужи како основа за натамошните преговори.

Освен тоа, двете институции утврдуваат претставник од своите редови, кој води грижа за редовна меѓусебна комуникација помеѓу актерите (тие лица би можеле да бидат наречени портпароли!).

## Формулирање на барањата за прием и нивно предавање

**Апликантите** за зачленување во Европската унија во меѓувреме ги формулираат своите барања за пристапување и ги предаваат до **Советот**. **Советот** со благодарност ги прима барањата од апликантите, без притоа да навлегува во нивната содржина и ги проследува до **Европската комисија** и **Европскиот парламент** со молба за давање мислење. Основа за мислењата е дискусијата по однос на барањата за членство со апликантите. Но, проверка се врши само на тоа, дали апликантите можат да гарантираат дека ќе се придржуваат на *критериумите од Копенхаген*.

Освен тоа, земјите-пристапнички подготвуваат стратегии и тактики за претстојните разговори со Советот, Европската комисија и Европскиот парламент.

## Презентација и дискусија

**Советот** ги поканува **апликантите од средна и источна Европа** да се презентираат на неговата седница. По вовед од страна на претседателот на Советот, претставниците даваат едно кратко пледоаје за пристапувањето на нивната земја во ЕУ. Потоа има време за прашања во поглед на критериумите од Копенхаген. По

разговорите Советот се обраќа на медиумите, а членовите на Советот во целина се сè уште мошне воздржани. Исто така, **Европската комисија** и **Европскиот парламент** водат разговори со апликантите во поглед на придржувањето кон критериумите од Копенхаген. Резултатите од разговорите се слеваат во мислењето на овие органи.

**Мислења и одлука**

Советот го поднесува заедничкото гледиште врз основа на мислењето на Европската комисија, Европскиот парламент и сопствените сознанија. Тој одлучува, дали преговорите за пристапување можат да започнат и со кои земји ќе се преговара. Официјално се доделува статусот на кандидат за пристапување.

**Европскиот парламент** паралелно на јавна седница го објавува своето мислење што го дал до Советот. Потоа претставниците на кандидатите за **пристапување** можат да ги искажат своите надежи и желби во разговори со медиумите.

**Почеток на преговорите**

Потоа **Советот** и дава налог на **Европската комисија** за водење на преговорите. Заедно со неа, **Советот** (цел или по избор во мала група) преговара со **кандидатите за пристапување** (во голема група со сите кандидати или во одделни работни групи, зависно од бројот на кандидатите за пристапување) за Договорот за прием во ЕУ. **Советот** ги дискутира начините и критериумите за пристапувањата и доставува временски план како и редослед за преговорите.

Потоа се одржува кратко ток-шоу. **Европскиот парламент** добива информации од страна на Комисијата за напредокот на преговорите.

**Гласање во Советот и Европскиот парламент**

На **Советот** и **Европскиот парламент** им се поднесуваат конечните договорени верзии на договорите. **Советот** мора да одлучи едногласно врз основа на и имајќи ги предвид сознанијата за договореното за приемот на други држави во ЕУ. **Европскиот парламент** гласа со мнозинство на своите членки за приемот на земји во Европската унија. **Кандидатите за пристапување** можат да бидат гости во гласањето на ЕП.

**Медиумите** го документираат гласањето, а потоа водат интервјуа со членовите на Советот, пратениците и претставниците на новите земји-членки, кои потоа влегуваат во весниците.

**Завршна конференција**

На завршната **конференција за прием** пред актерите и новинарите држат говор најпрво претседателот на Комисијата, двајца членови на Советот на Унијата, двајца пратеници во Европскиот парламент и по еден претставник од новите земји-членки. Се потпишуваат спогодбите за пристапување. На крајот церемонијата ја завршува

претседателот на Европската комисија. Потоа се реализира едно заедничко ток-шоу од страна на **Европската комисија** и претседателот на **Советот**.

## Предлози за распределба на улогите за различни големини на групи

| | 25 учесници[1] | 40 учесници | 60 учесници | 80 учесници [2] |
|---|---|---|---|---|
| **Европски совет** | 6[3] | 12 | 20 | 27[4] |
| **Европска комисија[5] (вкупно)** | 2 | 3 | 3 | 5 |
| **Европски парламент[6] (вкупно)** | 9[7] | 13 | 21 | 23 |
| **ЕНП** | 3 | 4 | 6 | 7 |
| **СПЕ** | 2 | 3 | 5 | 6 |
| **Либерали** | 2 | 2 | 4 | 4 |
| **Зелени** | 1 | 2 | 3 | 3 |
| **Нордиска левица** | 1 | 1 | 2 | 2 |
| **УЕН** | 1 | 1 | 1 | 1 |
| **Држави-апликанти[8]** | 6<br>(3 земји по 2 лица[9]) | 9<br>(3 земји по 3 лица) | 12<br>(4 земји по 3 лица) | 20<br>(5 земји по 4 лица) |
| **Медиуми** | 2 | 3 | 4 | 5 |

**Упатство за доделување на улогите**: се препорачува, Комисијата, медиумите и земјите со волја за пристапување да бидат составени од силни ученици што делуваат ангажирано. Од таа причина Советот го избира и претседателот (поинаку отколку во реалноста). ЕП го избира својот претседател, како што е случај и во реалноста, но правејќи го тоа според политички, а помалку според лични сознанија. Учесниците треба да добијат поттик за натамошно развивање на профилите на улогите за себе, при што тоа треба да биде и политички реално.

[1] Со помалку од 25 учесници планската игра губи на темпо. Сепак, можно е да се реализира една двочасовна до тричасовна симулација на конференција на Советот само со улогите на Советот. Тоа повеќе не би било планска игра во вистинска смисла на зборот.

[2] Со повеќе од 80 учесници барем (временскиот) капацитет на планската игра може да биде лесно пречекорен.

[3] При изборот на ученици потребно е да се обрне внимание на тоа дека, по можност, никој не се игра „сам себе". Учесниците во Советот треба по можност да добијат друга националност во играта од својата.

[4] Има улоги за сите 27 земји-членки на германски јазик. 7 улоги сè уште не се преведени. Се разбира, можно е и да се изврши двојно поголемо составување на поголемите држави (ГЕР, ФРА, БРИ, ИТА, ПОЛ, ШПА или РОМ).

[5] Членовите на оваа група сами одлучуваат, кој ќе ја преземе улогата на претседател/претседателка.

[6] Фактичките односи на мнозинство треба да бидат сочувани барем според пристапот и да бидат видливи.

[7] Можно е да се земе непарен број пратеници, бидејќи овој гремум одлучува со просто мнозинство, така што на тој начин не може да дојде до пат-ситуација.

[8] Раководителите на играта ги одбираат четирите земји-апликанти на сопствена одговорност.

[9] При изборот на учесниците потребно е да се обрне внимание на тоа, по можност никој да не „се игра" самиот себе. Учесниците што ги играат земјите-апликанти по можност треба да ја преземат улогата на друга националност, а не на својата.

**Тек на ЕУ-планската игра „Ново обликување на Европа“**

**Ден 1**

| **Време** | **Опис на активноста** | | | |
|---|---|---|---|---|
| 09:30 часот | Пристигнување на учесниците и регистрација на влезот | | | |
| 10:00 часот | **Пленум:** поздравна реч, претставување на раководителите во играта, информација за организациската рамка<br>(почеток и крај на манифестацијата на првиот и вториот ден) | | | |
| 10:30 – 10:45 часот | **Пленум:** претставување на текот на двата дена (целосната модерација), доколку е можно со визуализација (PowerPoint презентација или флипчарт) | | | |
| 10:45 – 11:45 часот | **Пленум:** распоредување на учесниците во работни групи (помеѓу 10 и 15 лица) за воведот во ЕУ<br>Групите одат во своите работни простории | | | |
| 11:45 – 12:00 часот | Пауза и пијалоци | | | |
| 12:00 часот | **Пленум:** претставување на текот на планската игра (целосна модерација)<br>Дистрибуирање на описите на улогите<br>Групите на учесници одат во нивните работни простории, се запознаваат со улогите, си замислуваат соодветни, но фиктивни имиња за играта и подготвуваат ознака со името<br>Членовите на Комисијата одбираат лице што ја презема улогата на претседател. Тоа лице подготвува говор (за отворањето) | | | |
| 13:00 часот | **Пленум**: целосната модерација ги објаснува принципите на планската игра и официјално ја отвора | | | |
| 13:15 часот | **Пленум**: говор на претседателот на Комисијата, по говорот се поканувaат сите присутни на официјален поздравен ручек во име на Европската комисија | | | |
| 13:30 – 14:30 часот | Ручек | | | |
| 14:30 – 15:00 часот | **Земји со волја за пристапување (апликанти):** Пишуваат барања, подготвуваат презентации за разговорите со органите на ЕУ | **Парламент (ЕП):** Членовите на ЕП се претставуваат себеси и нивните позиции, по што следи изборот на претседател, заменик-претседател и портпарол. Изнаоѓање заеднички позиции / изработка на | **Совет (совет):** Членовите на Советот се претставуваат себеси и нивните позиции, по што следи изборот на претседател, заменик-претседател и портпарол. Изнаоѓање заеднички позиции / изработка на | **Комисија (ЕК):** Резимира позиции од говорот. Пишува соопштение за медиумите и води прв разговор со медиумите |

| Време | Опис на активноста | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | документ за позиционирање за медиумите | документ за позиционирање за медиумите | |
| 15:00 – 15:30 часот | **Апликантите** ги предаваат барањата на ЕС | **Совет**: проследува копии од барањата на ЕП/ЕК со молба за мислење и водење разговори | **Медиуми**: барањата на апликантите, соопштението за медиумите и интервјуата (бекграунд-извештаи) се обликуваат во форма на медиумски ѕид т.е. ѕиден весник | |
| 15:30 – 16:45 часот | **Апликантите** водат 15 минутни разговори со **Советот**, **ЕП** и **ЕК** во придружба на медиумите, кои добиваат интервјуа. Медиумите известуваат во јавноста.<br>Временскиот тек на разговорите се реализира врз основа на претходно изработениот план што е дистрибуиран до сите (види во приложеното). | | | |
| 16:45 – 17:00 часот | Пауза | | | |
| 17:00 – 17:30 часот | **ЕП:** дискутира по барањето и води разговор со **апликантите** за доделување статус на кандидат | **СОВЕТ**: дискутира по барањето и води разговор со **апликантите** за доделување статус на кандидат | **ЕК**: и води разговор со **апликантите** за доделување статус на кандидат | **Медиуми:** го следат расположението и очекувањата на апликантите, а водат и интервјуа |
| 17:30 – 18:00 часот | **ЕП**: пишува мислење по однос на барањата кое му го доставува на СОВЕТОТ | **ЕК**: пишува мислење по однос на барањата кое му го доставува на СОВЕТОТ | **СОВЕТ:** чека на мислења, дискутира за сопствените позиции. Подготовка на можни прашања до ЕК и ЕП | |
| 18:00 – 18:15 часот | **Пленум:** целосната модерација прави резиме на денот и го објаснува следниот ден | | | |

**Ден 2**

<table>
<tr><th>Време</th><th colspan="4">Опис на активностите</th></tr>
<tr><td>9:00 часот</td><td colspan="4">Пристигнување на учесниците и раководителите во играта</td></tr>
<tr><td>9:15 часот</td><td colspan="4">Пленум: поздравување од страна на целосната модерација. Модерацијата накратко го опишува текот на денот / планската игра</td></tr>
<tr><td>9:30 – 10:00 часот</td><td>СОВЕТОТ донесува одлука и едногласно одлучува, кои апликанти ќе добијат статус на кандидати</td><td>ЕК и ЕП: ЕК прави посета на ЕП, се информира за мислењето на ЕП и разговара за можностите на одделните апликанти да станат кандидати</td><td>Апликанти: разговори со медиумите/лобирање за сопствената земја</td><td>Медиуми: интервјуа со апликантите (зелена соба)</td></tr>
<tr><td>10:00 – 10:15 часот</td><td colspan="4">Пленум: прес-конференција – СОВЕТОТ ја дава својата одлука, кои апликанти ќе станат кандидати за пристапување, ја објавува и образложува одлуката. Апликантите што не го добиле статусот на кандидат, реализираат работа со медиумите со групата на медиумите.</td></tr>
<tr><td>10:15 – 10:30 часот</td><td colspan="4">Пауза</td></tr>
<tr><td>Ab 10:30 часот</td><td colspan="4">Преговори, <u>кои кандидати (кој!),</u> во <u>кој момент (кога!)</u> и <u>под кои услови (како!)</u> ќе бидат примени како членки на ЕУ.</td></tr>
<tr><td>10:30 – 11:30 часот</td><td>СОВЕТОТ: се дели во преговарачки групи и преговара со кандидатите за пристапување во присуство на еден член на ЕК (апликантите стануваат КП – кандидати за пристапување) за содржината на Договорот</td><td colspan="3">Варијанта 1 (едноставна варијанта): ЕП и медиумите учествуваат на потпишувањата на договорите како набљудувачи.<br><br>Варијанта 2 (креативна варијанта): ЕП и медиумите изработуваат кратка (интерактивна) завршна презентација по прашањето, зошто државите од западен Балкан мора да се важен дел од ЕУ.<br><br>Варијанта 3 (класично политичко образование – поизискувачка): ЕП и медиумите дискутираат за тоа, како народот може да има повеќе влијание врз одлуките на политиката (во нивната земја и во ЕУ) и зошто тоа влијание е толку важно.</td></tr>
<tr><td>11:30 – 12:00 часот</td><td colspan="2">ЕК и ЕП: членовите на ЕК го посетуваат Парламентот, известуваат за преговорите и по нивното завршување ги презентираат договорите пред Парламентот<br>Парламентот одлучува со <u>просто мнозинство</u></td><td colspan="2">СОВЕТОТ: гласа за резултатите од преговорите односно <u>едногласно</u> гласа по однос на договорите.</td></tr>
<tr><td>12:00–13:30 часот</td><td colspan="4">Ручек со обврска за молчење ☺ за резултатите од гласањето</td></tr>
</table>

| **Време** | **Опис на активностите** |
|---|---|
| 13:30 часот | **Пленум:** свечено потпишување на договорите од страна на кандидатот за пристапување (сега членка на ЕУ), ЕК и ЕС во присуство на медиумите, мислења на новите земји-членки на ЕУ (поранешни апликанти а потоа кандидати) и завршна прес-конференција |
| 14:00 часот | Крај на планската игра |
| 14:00 – 14:30 часот | Пауза со пијалоци |
| 14:30 – 15:30 часот | Евалуација на планската игра и на резултатите од планската игра (споредба со реалноста) и предавање на сертификатите за учество |
| 15:30 – 15:45 часот | Збогување и крај на манифестацијата |

| | Апликант I. | Апликант II. | Апликант III. | Апликант IV. |
|---|---|---|---|---|
| СОВЕТ | **1** | **2** | **3** | **4** |
| Европски парламент | **2** | **3** | **4** | **1** |
| Европска комисија | **3** | **4** | **1** | **2** |

**Пример за генерална поделба**

| | Апликант I. | Апликант II. | Апликант III. | Апликант IV. |
|---|---|---|---|---|
| СОВЕТ | **15:00** | **15:15** | **15:30** | **15:45** |
| Европски парламент | **15:15** | **15:30** | **15:45** | **15:00** |
| Европска комисија | **15:30** | **15:45** | **15:00** | **15:15** |

**Пример за временска организација**

# Правила за работа на раководството на играта за време на планската игра

1. Потребно е да има едно **целокупно раководство без своја група во играта**, коешто пред почетокот на планската игра ќе го претстави нејзиниот целосен тек, продолжувајќи да го прави тоа во текот на играта. Тоа значи тоа веќе говори за европските инсититуции: Советот, Парламентот и Комисијата, именува позиции и функции, им се обраќа на учесниците постојано со „Вие" односно со исправниот назив (на пример господине Претседател на Советот, госпоѓа Министер за надворешни работи итн.). Целокупното раководство треба да биде именувано однапред, за да може да се подготви. Важно е да се обрне внимание на тоа, учесниците да не го напуштат ова ниво ниту за време на планската игра.
   Пред планската игра целокупното раководство уште еднаш разговара за нејзиниот тек и упатува на специфичностите во поглед на просториите, групите, присуството на гости итн. За време на планската игра целокупното раководство ги води учесниците низ нејзиниот тек.

2. **Текот на играта** треба да стои на располагање уште пред почетокот на планската игра во визуализирана форма (скицирано) на табла/флип-чарт (за секоја просторија во планската игра) како и да им стои на располагање на сите учесници на лист во ДИН А4 формат.

3. Упатства на целокупното раководство за **натамошниот тек во играта** во пленарните средби (на пример прес-конференции). На ист начин како под точка 1, целокупното раководство во текот на планската игра го објаснува тоа што следи. Ова е важно, пред сè, доколку текот на играта мора спонтано да биде променет (на пример дополнителни заседанија на Советот, бидејќи во расположивото време не успеало да се дојде до согласност). Ова особено се однесува на точните (измени на) податоци за времето.

4. **Улога на раководството на играта во одделните групи**. Секое раководство во играта треба да си даде идентитет во играта со свое име, на пример политички советник на претседателот на Советот. Доколку е потребно во групата да се извршат интервенции, тогаш тоа секогаш се врши со тој идентитет и во рамките на играта, значи обраќајќи се на „Вие" и со името во играта односно ознаката на функцијата, на пример госпоѓа Сојузен канцелар, господине Министер за надворешни работи… Раководството внимава на тоа, истото да се почитува и од страна на учесниците во меѓусебните обраќања.

5. Доколку раководството мора да се вклучи во случувањето во играта, тоа по можност треба да се случи само со **политички односно стратешки аргументи**, значи да се даде поттик со аргументи во самата игра. На пример: „Доколку се појават проблеми во одлучувањето, упатете на можноста за покана на земјите со волја за пристапување на уште еден разговор за да се добијат дополнителни информации" или укажете на алтернативи: „Дали е политички дозволиво, земјата да не биде примена?".

## Постапување со паузите за време на планската игра

Паузите претставуваат важен елемент во планската игра и сосем свесно се дел од нејзиниот тек. Паузите не служат само за одмор на учесниците од „завршената" работа - тие треба да понудат слободен простор за водење меѓусебни разговори во групите од играта, ковање „алијанси" во неформални дискусии, информирање на медиумите за идното дејствување и нивно позитивно „инструментализирање" за сопствениот интерес.

На учесниците мора да им стане јасно дека патот кон позитивни одлуки се подготвува на сосем различни нивоа. Притоа разговорот во доверба, „во четири очи", честопати претставува важен сегмент за да се информираат донесувачите на одлуки и за да се влијае врз нив. Ваквото дејствување најчесто може да се врши само за време на паузите.

Една голема пауза за ЕП, медиумите (доколку не е дозволено на преговорите, тогаш при преговорите за пристапување) и подредените држави-апликанти е фазата на преговори на Советот, Комисијата и одобрените кандидати за пристапување во Унијата. Тука постојат различни варијанти за тоа, како може да се постапува со ваквото време:

**Варијанта 1 (проста варијанта):**

**ЕП,** подредените **апликанти** и **медиумите** учествуваат во преговорите за договорот како набљудувачи. Тоа на почетокот може да делува досадно, но учеството во нив е особено корисно за да може да се сфати и разбере процесот во врска со тежината на проширувањето.

**Варијанта 2 (креативна варијанта):**

**ЕП,** подредените **апликанти** и **медиумите** подготвуваат една кратка (интерактивна) завршна презентација за тоа, зошто државите од Западен Балкан мора да се важен дел на ЕУ. Потребно е да се овозможат секакви креативни форми за една таква презентација.

**Варијанта 3 (класично политичко образование – бара повеќе):**

**ЕП,** подредените **апликанти** и **медиумите** дискутирааат за тоа, како населението може да има поголемо влијание врз одлуките на политиката (во нивната земја како и во ЕУ) и зошто таквото влијание е толку важно. Но, во овој случај повеќе се движиме од работ на планската игра во насока кон мета-дискусија. И во овој случај учесниците треба да останат во рамките на своите улоги.

# Медиумите – една можна улога?

Планската игра претставува модел на еден комплексен систем. Планските игри во политичкото образование (Civic Education) претставуваат симулација на извадок од непрегледниот политичко-институционален свет[1]. Во тој свет се вбројуваат политички актери во нивните тела, потоа општеството со своите граѓани како појдовна и целна точка во политичкото дејствување и медиумите како посредници меѓу политиката и општеството. Затоа медиумите претставуваат и основа и содржина на политичкото образование[2]. Овој прилог не врши испитување за најдоброто техничко опремување на групата на медиумите, туку за тоа, како групата на медиумите може да биде подобро искористена во планската игра.

## Медиумите – посредници меѓу политиката и општеството

Секој што сака да биде информиран во политиката, има потреба од информации. Во средината, помеѓу испраќачот и примачот, стојат медиумите. Латинскиот збор „Medium" не значи ништо друго освен средина. Сите аудио-визуелни постапки за пренесување информации, слики и пораки се нарекуваат медиуми. Тука спаѓаат нови медиуми како што се интернетот, радиото и телевизијата како и печатот со весници и списанија, што се означува како печатени медиуми. Честопати поимите „медиум" и „печат" имаат исто значење[3].

Во демократиите, медиумите претставуваат четврта сила или моќ. Медиумите се независни од поделбата на власта во државата на легислатива (законодавство преку парламентите), егзекутива (извршна преку владите) и јурисдикција (правна преку судовите). Самите медиуми поседуваат политичка моќ, со тоа што помагаат или спречуваат донесување одлуки. Затоа фактички тие се повеќе отколку само средина помеѓу примачот и испраќачот на една порака.

Јавното мислење радо се означува и како „објавено мислење". Со објавувањето, медиумите имаат моќ. Политичарите ја користат оваа моќ на медиумите, на пример, кога инсценираат медиумски кампањи. Особено во случаи на диктатури, опозиционерите бараат јавно истапување на медиумите, бидејќи може да зборува само оној, чиј глас може да биде слушнат. Оттаму, владејачите го спречуваат слободниот печат. Затоа моќта на медиумите е загрозена и мора да биде заштитена. Слободата на медиумите е едно од најстарите права во демократиите. Сите устави во демократските правни држави содржат член, кој ја гарантира слободата на медиумите. Во Германија тоа е формулирано во член 5 од Уставот, додека во Декларацијата за основните права на Европската унија таква формулација може да се најде во член 11: „Се почитуваат слободата на медиумите и нивниот плуралитет ". Затоа „вистината" за медиумите претставува само еден вид самообврзување, нив никој не може да ги принуди.

---

[1] Воведно кон примерот: Massing, Peter 2006, Planspiele und Entscheidungsspiele (Масинг, Петер: Плански игри и одлучувачки игри), во: Сојузна централа за политичко образование (изд.), Методски тренинг за политичката настава I, 2. изд., Бон, стр. 163-194.

[2] Mickel, Wolfgang W. 2003, Praxis und Methode. Einführung in die Methodenlehre der Politischen Bildung, (Микел, Волфганг В. 2003, Пракса и метод. Вовед во науката за методи во политичкото образование) Берлин: Cornelsen Verlag, стр. 278ff..

[3] В. достапни стручни лексикони како: Schubert, Klaus / Klein, Martina 2006, Politiklexikon, (Шуерт, Клаус / Клајн, Мартина 2006, Политички лексикон), Бон: Сојузна централа за политичко образование.

Во едно друго поле медиумите се исто така доминантни во секојдневниот живот. За голем број луѓе утринскиот весник и вечерните главни вести на телевизија претставуваат дел од фиксниот дневен ритам. Затоа вестите се важни за луѓето и кога воопшто не станува збор за содржината на една вест. Исто така медиумите претставуваат и еден вид меморија на знаењето, започнувајќи од откривањето на печатењето од страна на Јоханес Гутенберг[4] на почетокот од 15 век. Старите весници овозможуваат да се погледне назад, во минатото.

Во реалноста медиумите се:
- инструмент за соопштување и информирање (меѓу политиката и општеството),
- инструмент за кампањи (значи инструмент за политичка моќ),
- „ритам" инструмент (помеѓу утринскиот весник и вечерните вести),
- инструмент за документирање (архива на идеи).

**Медиумите во планската игра**

Планските игри претставуваат аранжмани за учење што се насочени кон дејствување. Дејствувањето е активноста и рефлектирањето на таа активност. Во политичкото образование дејствувањето е реално дејствување, симулативно дејствување и продуктивно обликување[5]. Реалното дејствување не се појавува во планските игри. Улогите на медиумите претставуваат и симулација и имаат продуктивно обликувачко дејство.

На младите луѓе им е најчесто непознато значењето на медиумите за општествената реалност во демократиите. Медиумите за нив се само медиум за информирање. Малкумина се свесни за слободата и политичката моќ на медиумите. Планските игри како што е „Ново обликување на Европа" можат да помогнат во подоброто разбирање на медиумите. Во подготвителната фаза на планската игра, а најдоцна за време на распределбата на улогите, раководството на играта треба на сите учесници во неа да им укаже на различните функции на медиумите. Во овој вовед во функциите на медиумите неодложно спаѓа и упатувањето на независноста на медиумите. Тие се самостојни, автономни актери, кои мора да соработуваат со оние, за коишто известуваат. Политичарите го стекнаа искуството за автономијата, имено дека медиумите известуваат само за она за што сакаат да известуваат. Оттаму тие соработуваат со медиумите за да стигнат до јавноста.

Медиумите можат да помогнат во тоа, на планските игри да им се даде јасна структура. Слично на ритуализираниот поглед во весникот и телевизиските вести, медиумите можат да утврдат определени времиња во планската игра. Исто така и во кратките плански игри, заедничкиот завршеток на планската игра се состои во организирање прес-конференција или ток-шоу. Ток-шоуто или видео-записите во форма на емисија/прилог во главните вести вообичаено се посоодветни отколку „прес-конференции", бидејќи тие ги ставаат на еден подиум групата на медиумите и неколку партнери за интервјуирање и истите се собираат со останатите учесници како публика.

---

[4] Giesecke, Michael 1998, Der Buchdruck in der frühen Neuzeit. Eine historische Fallstudie über die Durchsetzung neuer Informations- und Kommunikationstechnologien, Frankfurt/M. (Гизеке, Михаел 1998, Печатењето книги во раната нова ера. Историска студија за конкретен случај за спроведувањето на новите информациски и комуникациски технологии, Франкфурт/М.)

[5] Reinhardt, Sybille 2005, Handlungsorientierung, in: Sanders, Wolfgang (Hg.), Handbuch politische Bildung, Schwalbach/Ts.: Wochenschau, S. 146-155.

Уште на почетокот на планската игра, по фазата на запознавање со материјалот, ток-шоутп може да исполни една особена задача! Честопати учесниците во планската игра се чувствуваат преоптоварени од почетната ситуација, ова континуирано се појавува при евалуацијата. Тие мора за кратко време да примат, наводно, непрегледен и голем број информации и да се подготват за својата улога. Најчесто првичниот стрес бргу се губи, штом играта со улоги навистина ќе започне. Тој „магичен‟ момент на пронаоѓање на идентитетот во улогата може да биде поддржан, кога на групата на медиумите ќе им биде дадена можност да интервјуираат одделни учесници пред публиката во едно ток-шоу. Во таков случај медиумите се катализатор на улогите. Учесниците мора да се задлабочат во својата улога во една таква интервју-ситуација, а во такви случаи тие честопати знаат да се презентираат мошне убедливо.

Секако, медиумите и во планските игри се наоѓаат во улога на посредници. Но, на учесниците претходно мора да им биде ставено јасно до знаење дека можат да ги користат медиумите за да информираат други учесници или тела. Оваа „главна задача‟ луѓето од медиумите по правило можат да ја исполнат само, доколку имаат доволно време на располагање. Во кратки, еднодневни плански игри најчесто премногу бргу се надминува краткорочната, актуелна потреба од информирање на поединеците. Искусните учесници во планската игра го познаваат овој проблем со недостатокот на време и, по правило, знаат добро да се соочат со тој предизвик на тој начин што преку медиумите шират екстремно кратки и изострени вести. Ова важи како за улогите на медиумите, така и за сите други. Тоа е можен важен ефект од учењето! И во реалноста во медиумите доаѓаат само политичарите, кои знаат да ја пренесат својата порака на краток и концизен начин. Една подолга фаза на рефлексија може да го сопостави овој шлагворт-ефект наспроти добро истражената медиумска работа и да се постави прашањето за причините и излезите.

Во планските игри исто така и раководството може да ја користи групата на медиумите како информациски канал, на пример за да даде некакво упатство или стимул во текот на играта. Режиските упатства се тешки во една планска игра, бидејќи на тој начин се напушта „сетингот‟ и се преминува на едно мета-ниво. Доколку раководството на играта мора да се придржува кон одреден временски план, тогаш може, на пример, преку медиумите да предупреди за претстоен штрајк на аеродромот, така што органите во период од 30 минути мора да презентираат одлука, бидејќи во спротивно не е можно да се замине. Во реалноста временскиот притисок исто така претставува моќен фактор за надминување на „заглавени‟ ситуации.

Во „Ново обликување на Европа‟ особено улогите на опозицијата во Парламентот и кандидатите за пристапување, кои не се поканети на преговорите за пристапување, можат да ги користат медиумите за, сепак, да можат да стигнат до јавноста. И во реалниот свет таквите групи нема да се задоволат со недејство и досадување, туку понекогаш се обидуваат, преку медиумски кампањи да направат атмосфера за сопствените интереси. Во планската игра и тоа е можно, со што одредени улоги навистина се заштитени од нездраво и претерано досадување.

Во фазата на рефлексија до израз доаѓа особено функцијата на документирање на медиумите. Ѕидните весници и кратките статии можат да бидат искористени за повторно да се тематизираат одделни фази од играта и да се дискутира за различните перспективи. Продуктивно обликуваните материјали можат исто така мошне добро да им се презентираат на вистинските медиуми.

Медиумите во планската игра се:

- искуства за автономијата (медиумите можат да известуваат, но не мораат),
- структурни инструменти (временски дефинирани активности на медиумите),
- катализатори на улоги (формирање идентитет преку сопствено презентирање),
- инструменти за информирање (меѓу улоги и институции),
- посредници на стимул (прекинување на „заглавени“ ситуации),
- инструменти за кампањи (меѓу улоги и институции),
- инструменти за документација (визуализација)[6].

[6] Herdegen, Peter 2007, Planspiel, in: Lange, Dirk (Hg.), Methoden Politischer Bildung (Хердеген, Петер 2007, Планска игра, во: Ланге, Дирк (изд.) Методи на политичкото образование), Балтмансвајлер: Schneider Verlag Hohengehren, стр. 180-188.

# ЗАГРЕВАЊА

## Ланец на импулси

**Цел:** Вежба за загревање на почетокот од семинарот
**Тек:** Групата формира круг и се фаќа за раце. Раководството на играта стартува со импулс кој се пренесува во кругот во насока на стрелките од часовникот. За почетокот соодветен е едноставен пример: раководителот на играта со својата лева рака ја притиска раката на соседот, кој мора да го пренесе овој импулс. Учесниците треба да го пренесат импулсот што е можно побрзо. Потребното време се мери со часовник/ стоперка. Импулсот се повторува и се прави обид за побргу да се сврти круг.
**Варијанта:** Импулсите можат да бидат изменети, на пример:

- подигање раце и пренесување на импулсот со плескање со раце
- „Ла ола" бран

**Потребно време:** 5 – 10 минути
**Целна група:** независно од возраста, 15 и повеќе луѓе
**Просторија:** групна просторија или на отворено
**Материјал:** часовник со приказ на секунди или стоперка

## Штрк и пингвин

**Цел:** Вежба за ослободување, особено погодна на отворено
**Тек:** Учесниците се движат како пингвини во тапкачки чекор, без да ги подигнат стапалата, држејќи ги притоа рацете на страна. Само еден од учесниците е штрк. Тој ги има испружено рацете пред градите и ги отвора и затвора, за на тој начин да го имитира клунот на штркот. Неговите нозе се движат со маршировачки чекор. Потоа штркот се обидува да фати пингвин движејќи се. Штом еден од учесниците ќе биде фатен, тој се претвора во штрк и така сè додека поголем број пингвини не преминат во „ловци". На крајот сите учесници се штркови.
**Потребно време:** 10 минути
**Целна група:** независно од возраста. Најмалку 15 лица; особено наменета за големи групи
**Просторија:** голема просторија за групи, оптимално на отворено
**Материјал:** не е потребен

## Тостер

**Цел:** Вежба за загревање на почетокот од семинарот
**Тек:** Учесниците формираат групи по тројца и се распределуваат во просторот. Тимерите ги објаснуваат долунаведените фигури. На средина стои еден од учесниците, покажува на една од групите-тројки од кругот и ја кажува една од долунаведените фигури.
Оваа група треба да ја направи наведената фигура бргу. Оној што е премногу бавен, оди во кругот итн. Можат да се формираат следните фигури:
<u>Слон:</u> учесникот на кој се покажува, ја прави средната фигура и бргу се фаќа со раката за носот, додека другата рака се поставува низ, на тој начин создадениот, „отвор" со што се формира зурлата. Учесниците од лева и десна страна ги прават ушите со десната односно левата рака.

Џемс Бонд: средната фигура покажува со раката напред, како да пука, и гледа привлечно, додека учесниците од левата и десната страна клекнуваат до него и велат „Ооо Џејмс“.
Тостер: играчите од левата и десната страна се вртат на страна, така што да можат да се гледаат и се држат за двете раце. Средната фигура е тостот, кој скока од тостерот и извикува: „Тинг!“.
Машина за перење: учесниците од левата и десната страна си ги подаваат рацете и формираат круг. Лицето во средина ја врти главата како кога машината би центрифугирала.
**Потребно време:** 10 минути
**Целна група:** независно од возраста; наменета и за големи групи.
**Просторија:** групна просторија или на отворено
**Материјал:** не е потребен

**Санта мраз**

**Цел:** Вежба за соработка со карактер на формирање група
**Тек:** Во една празна просторија за групи се составуваат две маси. Тие ја претставуваат „сантата мраз“ што служи за спасување. Потоа секој учесник зема еден стол, го поставува каде било во просторијата и застанува на него. Подот е „водата“. Целта е да не се стигне сам до „островот“ на спасувањето, туку заедно како група, без да се остави некого на мало парче мраз (стол) или во водата (не се стигнува повеќе до стол). Учесниците на тој начин стигнуваат до сантата мраз преку столчињата, при што можат и да ги вртат столчињата. Притоа тие мора како група заеднички да изнајдат еден пат, кој откаде најпрво ќе оди на „островот“, кој е следен итн.
**Потребно време:** 15 минути
**Целна група:** од 12 години, почнувајќи од 10 лица
**Просторија:** просторија за групи
**Материјал:** столчиња според бројот на учесници, две маси

**Границите на Европа**

**Цел:** Насочување кон темата, соочување со темата „Европа“
**Тек:** На учесниците им се дели карта на Европа. Тие треба со фломастер да ги заокружат државите кои по нивно мислење во 2020 година ќе припаѓаат во Европската унија. Потоа учесниците ги споредуваат повлечените граници, ги објаснуваат и дискутираат за политиката на проширување на Европската унија.
Ако групата е поголема, тогаш играта може да се реализира и во мали групи.
**Потребно време:** 30 – 45 минути
**Целна група:** почнувајќи од 15 години, 10 – 20 лица
**Просторија:** столчиња наредени во круг во просторија за групи
**Материјал:** карти на Европа

## Методи на евалуација

### Топка-„гром"

**Цел:** Некоментирано оценување
**Тек:** Учесниците седат на столчиња поставени во форма на круг. Раководителот на тимот му ја дофрлува топката на еден од учесниците. Тој учесник е „погоден од гром". Тој може да даде кратко, некоментирано оценување на семинарот/работилницата, но не мора да каже ништо. Кога тој учесник ќе заврши, ја фрла топката на друг учесник. Смее да зборува само лицето што ја фатило топката. Исказите остануваат некоментирани.
**Целна група:** независно од возраста
**Материјал:** мала топка

### „Семафор" од картички

**Цел:** Одделно оценување и групна евалуација
**Тек:** Учесниците седат во столчиња подредени во форма на круг. Секој добива по една црвена, жолта и зелена карта, при што црвено стои за лоша, зелено за добра оценка додека жолто за оценка што не е ниту добра ниту лоша.
Раководителот на тимот поставува различни прашања за оценување на семинарот/работилницата како на пример: Како ви се допадна овој метод? Дали оваа тема ви беше интересна? Дали имате чувство дека научивте нешто?
Потоа учесниците ги поставуваат своите оценувачки карти на подот и ги гледаат оценките на другите. Раководителот на тимот може да ги резимира оценките и може да постави модераторски прашања на одделни учесници, така што ќе постои можност за образложение.
**Временска рамка:** 10 – 20 минути
**Целна група:** почнувајќи од 12 години
**Материјал:** по една црвена, жолта и зелена картичка за сите учесници

### Овошно дрво

**Цел:** Одделна оценка, групна евалуација
**Тек:** Раководителот на тимот исцртува на еден голем хамер/плаката дрво со гранки и корени. Учесниците добиваат округли картички во различни бои, на коишто ги запишуваат своите впечатоци од семинарот/работилницата. Картичките потоа се лепат/прикачуваат во, на и под дрвото. Позитивните искази се поставуваат како зрели плодови на гранките, критичките искази како паднато овошје под дрвото, додека идеите и сл., кои е потребно да бидат развиени, се закачуваат на корените. Откако сите ги запишале и поставите своите „јаболка", групата заедно го гледа дрвото и поставува евентуално дополнителни прашања за тоа, што значат одделни искази.
**Целна група:** почнувајќи од 12 години
**Материјал:** плакати/хамери, црвени, зелени и жолти округли картички, фломастери, лепак

**Поздрави од/за Европа**

**Цел:** Информација за впечатоците од семинарот со пишување разгледница од семинарот/работилницата

**Тек:** Учесниците добиваат картички во формат на разгледници. Нив можат да ги обликуваат со текст и слика, за на тој начин да ја прикажат содржината на семинарот односно работилницата. Потоа картичките се ставаат во сандаче. Сандачето се празни во кругот на учесниците, а учесниците ги извлекуваат разгледниците. Нивната содржина се чита гласно, се покажуваат и се разговара за нив.

**Временска рамка:** 30 – 45 минути

**Целна група:** почнувајќи од 12 години, максимално 15 учесници

**Материјал:** картички во големина на разгледници, шарени фломастери, евентуално материјал за играње/украсување

# Упатства за евалуацијата

За добро завршување на планската игра важно е да се реализира евалуација на играта како и тематска евалуација. Така, може да се дискутира за политичките факти, историските зададености, но и за самото фактичко дејствување на политичарите и истите да се корегираат и анализираат.

Трансферот на резултатот од планската игра во реалноста и споредбата со актуелната политичка состојба е неизбежно, за да не дојде до појава на трајна погрешна слика во претставата на учесниците.

Евалуацијата се врши низ повеќе нивоа и може да биде извршена усмено или писмено со различни методи (на пример од учесниците се бара да дадат одговор на некои од долунаведените прашања во писмена форма).

1. Најпрво учесниците се замолуваат, спонтано да се изјаснат за текот на планската игра како и за нивните индивидуални искуства во текот на денот. Зависно од предусловите на групите, раководителот на играта може/треба да го поттикне овој процес со можни прашања (емпатија).

2. Зависно од големината на групата, потоа учесниците би можеле да му презентирааат на пленумот карактеристични места од нивните специфични улоги. На тој начин  на учесниците им станува појасно однесувањето на нивните „соконкуренти во планската игра", а истовремено на тој начин се отвораат и, честопати противставените, интереси на учесниците. Сега треба да се разговара и дискутира за можни конфликти во улогите, проблеми и прашања, коишто се појавиле за време на играта. Делумно отуѓените улоги треба да бидат проблематизирани. Тука треба да се дискутира и за тоа, во која мера учесниците не успеале во тоа, да ја прифатат својата улога односно во која мера, всушност, се играле самите себе.

3. Тематската евалуација се состои особено во тоа, да се укаже на потешкотиите во динамиката на интеграцијата на Европската унија како и на разликата помеѓу интересите на националните држави и европската одговорност и да се дискутира врз основа на состојбата на политичарите. Доколку структурата на групата овозможува и тоа се посакува од страна на учесниците, во овој процес може да се употреби и продлабочен материјал. Ваквата завршна дискусија може да претставува појдовна точка и за друга единица во рамките на семинарот.

Како **клучни прашања** за завршната дискусија можни се следните:

- Кои се шансите, а кои ризиците од проширувањето на Европската унија со земјите од западен Балкан и Турција?
- Кои се најважните проблемски полиња за европска согласност во овој контекст?
- Какви концепти за проширување постојат односно како може да изгледа Европа во иднина со 27+ членки?
- Каде се границите на проширувањето на Европската унија?
- Што подразбираат одделните држави под поимот 'интеграција' односно зошто Вие сакате да бидете примени?
- Како мора да биде уредена една поголема ЕУ?

- Кои се предностите, а кои недостатоците од поинтензивна соработка во ЕУ?
- Каква улога може да одигра една проширена ЕУ во светската политика?
- Која земја има шанси, наскоро да биде примена во ЕУ?
- Колку е сценариото фиктивно?
- Како би можел да изгледа временскиот план? Како тој изгледа во реалноста?
- Кој редослед може да се очекува во врска со приемот? Зошто?
- Како изгледаат конкретните начини на пристапување? Кои прилагодувања заради пристапувањето можат да се очекуваат?
- Како ќе се обликува односот меѓу државите од западен Балкан и земјите од европскиот средоземноморски простор?
- Кои се најтешките проблемски полиња при оценувањето на способноста на Европската унија за проширување?
- Дали државите од западен Балкан меѓусебно ќе се поддржуваат при приемот во Европската унија.
- Кои политички прашања мора да бидат итно разјаснети од страна на земјите од западен Балкан пред да дојде до проширување?

# Краток опис – Албанија

| | |
|---|---|
| **Површина:** | 28.748 км$^2$ |
| **Жители:** | 3,172 милиони |
| **БДП / жител:** | 2.930 евра, УСД |
| **Стапка на раст:** | 5,0% |
| **Стапка на невработеност:** | 13,2% |

www.weltalmanach.de (2009)

**Албанија** (на албански јазик: *Shqipëri*/*Shqipëria* или *Republika e Shqipërisë*) е држава во југоисточна Европа. Таа граничи на север со Црна Гора и Косово, на исток со Македонија и на југ со Грција. Природната граница на запад се формира преку бреговите на Јадранското море и Јонското море, со што оваа земја спаѓа во државите од Средоземното море. Оваа земја е членка на Обединетите нации и на Европскиот совет. На 3 април 2008 година Албанија беше поканета од страна на НАТО, за во 2009 година оваа земја да пристапи во организацијата.

Со својата површина од 28.748 километри квадратни Албанија е нешто помала од Белгија и со 3,2 милиони жители има нешто помалку население од поширoката област на Берлин.

Периодот по пресвртот од 1990 година доведе до *големи демографски поместувања*. Од една страна стотици илјади Албанци емигрираа легално или илегално во Италија, Грција, во други држави на ЕУ и во Северна Америка, а од друга страна главниот град Тирана и пристанишниот град Драч забележаа енормен пораст од внатрешните преселби (Тирана од 250.000 жители во 1990 година на преку 600.000 жители денес). Руралните предели, па и не баш мал број мали градови, беа запустени. Во следните години стотици села се опустошија. Ако Албанците пред 1990 година ја имаат највисоката стапка на наталитет во Европа (заштитата беше забранета), таа стапка сега е опадната на европскиот просек од нешто помалку од две деца по жена. Ваквата околност и континуираното отселување предизвикуваат рапидно стареење на албанското население, што, пак, со оглед на силно застапената генерација на возраст од 15 до 30 години, сè уште не се чувствува толку јасно.

Пред Втората светска војна околу 70% од населението биле со сунитска исламска вероисповед. 20% биле православни христијани, меѓу нив практично сите припадници на етничките малцинства. Околу 10% припаѓале на римско-католичката црква. Православните Албанци живееле, пред сè, на југот, католиците на северозапад, додека муслиманите биле застапени насекаде, со исклучок на неколку планински региони.

Во 1967 година беше донесена одлука за тотална религиозна забрана. Албанија стана првата *атеистичка држава*. Една година подоцна Албанија истапи од КОМЕКОН и Варшавскиот пакт и остана на Сталинистичкиот курс.

Приватизацијата и изградбата на правната рамка забележуваат напредок, но истовремено и понатаму постојат гравирачки структурни проблеми: економскиот раст во голем дел почива на дознаки на меѓународните донатори и на Албанците што живеат во странство како и на градежните активности поради перење пари од илегални приходи. Сè уште една третина од населението работат во земјоделството, коешто придонесува кон бруто-домашниот производ со една четвртина; тие живеат

од насаденото. Исто така, и туризмот досега беше едвај развиен. Речиси половина од населението мора да преживува со помалку од два УСД дневно, поради што според Светската банка оваа земја важи за *сиромашна*.

Еден од најголемите проблеми на земјата е слабата инфраструктура. Транспортните патишта најчесто се лоши, водоснабдувањето е најчесто ограничено на мал број часови во денот, додека рестрикциите на струја, особено во зимските месеци, претставуваат секојдневие. Ваквите околности не ги одбиваат само странските инвеститори, туку ги оневозможуваат и домашните компании да работат продуктивно и за поволни цени. Исклучувањето на бугарската атомска централа Козлодуј на крајот од декември 2006 година јасно ја заостри позицијата: Албанија, која произведува струја речиси само од водни ресурси, беше зависна од увозот од Бугарија, како што е случајот со голем број соседни земји.

Економскиот пораст почива на континуирана активност на градежната индустрија, а освен тоа и на малите претпријатија и услугите. Земјоделството како и индустријата и рударството се развиваа побавно, што беше условено со гравирачката енергетска криза, која резултираше со намалувања на производството. Земјоделството, со 20,7%, и понатаму има значаен удел во бруто-домашниот производ. Главниот удел го држи услужниот сектор со 46,4%, следен од градежништвото со 14,3%. Во индустријата беа реализирани 9,7%, додека во транспортниот сектор 8,9%. Освен тоа, официјалните бројки ни оддаелку не го презентираат високиот степен на невработеност на албанскиот пазар на труд. Така на пример членовите на мали аграрни семејства не важат за невработени, иако повеќе од половината возрасни членови на семејството обработуваат едвај два до три хектара земја.

# Краток опис – Босна и Херцеговина

| | |
|---|---|
| **Површина:** | 51.129 км$^2$ |
| **Жители:** | 3,926 милиони |
| | |
| **БДП / жител:** | 3.230 УСД |
| **Стапка на раст:** | 6,0 (2005) |
| **Стапка на невработеност:** | 31,0 (2006) |

www.weltalmanach.de (2009)

Процесот на распаѓање на поранешна Југославија во последните 20 години доведе до премногу страдања и пролеана крв. Со денот на објавувањето независност на Босна и Херцеговина, заедницата на држави се надева дека непријатните духови од минатото се оставени зад нас и дека вниманието ќе може да се насочи кон мирна иднина. За целиот Балкан Европската унија посакува иднина во мир, стабилност и економски просперитет. И Вие ја следите оваа цел.

Битен стремеж на политиката на Босна и Херцеговина е брзото приближување кон односно вклучување во евро-атланските структури со цел – членство во ЕУ и НАТО.

## Спогодба за стабилизација и асоцијација (ССА)

Преговорите за Спогодбата за стабилизација и асоцијација (ССА) со ЕУ беа завршени во декември 2006 година. ССА беше парафиран на 4.12.2007 година и потпишан на 16.6.2008 година. ЕУ ги условуваше потпишувањата на ССА со, долго време бараните, реформи во полицијата. Полициските сили на двата дела на земјата, Република Српска и босанско-хрватската федерација, не соработуваат до денес.

Теоретски, оваа Спогодба нуди предности како за кандидатите за пристапување во ЕУ така и за земјите-членки. Ова особено се однесува на трговијата, бидејќи царините постепено се укинуваат, а преку договорите за трговија и транспорт се подобрува кредитниот рејтинг на државата. Во целина тоа може да доведе до зголемени странски инвестиции. Освен тоа, кандидатите за пристапување имаат пристап до голем број фондови на ЕУ, каде можат да се побараат значителни средства за развој на земјоделството, образованието и здравството, науката или културата и уметноста.

Прилагодувањето на босанско-херцеговското право кон нормите на ЕУ, при што станува збор за околу 1.200 закони, претставува еден од најважните делови на Спогодбата. Ваквото прилагодување мора да биде имплементирано во следните шест години. Голем број политичари во Босна и Херцеговина ќе се обидат да ги одбранат своите локални интереси, да се оттргнат од Спогодбата или да ја блокираат.

## Администрацијата на Босна и Херцеговина

Политичката структура на државата е сложена. Од Дејтонскиот договор (познат и како *Дејтонски мировен договор*), Босна и Херцеговина се состои од два ентитета: федерацијата Босна и Херцеговина (*Federacija Bosne i Hercegovine*, позната и како *босанско-хрватска федерација*) и Република Српска (*Српска Република*). Двата

ентитета располагаат со сопствена извршна и законодавна власт. Федерацијата Босна и Херцеговина се состои од десет кантони, коишто располагаат со сопствени надлежности.

**Политиката во Босна и Херцеговина**

Изборите на 1 октомври 2006 година важеа за одреднички за иднината, бидејќи меѓународната заедница сакаше да го повлече Високиот претставник и да ја пренесе Босна и Херцеговина во целосен суверенитет. Подоцна ваквиот потфат беше одложен за една година.

**Економската состојба на Босна и Херцеговина**

Босна и Херцеговина нуди потенцијал за раст во економските сектори: индустрија со струја (единствен нето-извозник на струја во регионот), земјоделство (производи во одредени ниши, био-производи), преработувачката индустрија на дрво, градежната индустрија (особено сообраќајната индустрија), металопреработувачката и туризмот.

## Краток опис – Хрватска

| | |
|---|---|
| **Површина:** | 56.542 км$^2$ |
| **Жители:** | 4,441 милиони |
| **БДП / жител:** | 9.310 евра |
| | |
| **Стапка на раст:** | 4,8% |
| **Стапка на невработеност:** | 11,6% |

www.weltalmanach.de (2009)

Во Хрватска војната започна во 1991 година, откако Хрватите на референдум со мнозинство се одлучија за независност и во областите Крајина и Славонија дојде до судири помеѓу Србите и Хрватите. Во 1991 година Хрватите прогласија независност, исто како што тоа претходно го сторија Словенците, но во тоа време земјата во голем дел беше окупирана од српски доминираната армија. Исто така и во Босна и Херцеговина хрватските единици се бореа против југословенската војска. Освен тоа, во 1993 година дојде до оружени судири помеѓу босанските Хрвати и муслиманите. Дури на почетокот од август 1995 година Хрватска преку една офанзива успеа да ги поврати српски окупираните територии, сè додека во декември 1995 година даде согласност на Дејтонскиот договор, со кој се стави крај на граѓанската војна на Балканот.

### Политичкиот систем и внатрешната политика

Внатрешната политика на земјата јасно се карактеризира со повоени болки. Затоа цел на владата е што е можно побрзо економско заздравување на земјата; со ова е поврзан и стремежот за пристапување во ЕУ и НАТО. Од 2000 година Хрватска постигна значителен напредок во овој поглед, но сè уште заостанува во сферата на судството. Но, во Хрватска се етаблираше демократски наклонета политичка култура, која е подржана од еден шаренолик пејсаж на медиуми и партии и економски подем. Со влегувањето во сила на Спогодбата за стабилизација и асоцијација, потпишана со ЕУ во 2001 година, Хрватска се обврза, во рок од шест години да преземе 60 проценти од правото на ЕУ во своето национално право.

Сепак, потребно е да се надминат значајни предизвици во клучни области како што се:

- Реформите во неефикасниот судски систем,
- Реформите во јавната управа и борбата против сè уште широко распространетата корупција,
- Засилено внимание мора да биде насочено кон правата на малцинствата, пред сè кон враќањето на бегалците,
- Прогонот на воените злосторства заслужува натамошно внимание,
- Продолжувањето на регионалната соработка е исто така од одлучувачко значење како и напорите за решавање на билатералните проблеми со соседите, пред сè во областа на демаркација на границите.

### Економијата на Хрватска

Во последните години Хрватска успеа да забележи значајни економски успеси. Економскиот пораст во 2003 година изнесуваше 4,5%, стапката на раст падна на

1,5%, што претставува најдобра вредност помеѓу сите земји во трансформација во источна Европа. Економските податоци се подобри од податоците на голем број веќе пристапени земји од источна Европа. Сепак, економскиот подем се поматува од сè уште високиот степен на невработеност, недостатниот социјален систем и високото задолжување на државата, што на владата и наметнува ригидна политика на штедење. Исто така и во областите земјоделство и бродоградба приватизациите на поранешните државни претпријатија напредуваа мошне бавно. Освен тоа, Хрватска се бори со висок степен на корупција. Недостатокот на правна сигурност, високите производни трошоци и преценетата домашна валута – куната, што го блокира извозот на хрватски производи, и понатаму важат за проблематични полиња на хрватската економија.

**Надворешната политика на Хрватска**

Примарна цел на надворешната политика на Хрватска е што е можно побрза интеграција во ЕУ и НАТО. Од ваквите чекори Хрватска очекува економски и безбедносно-политички предности. Во безбедносната и одбрамбената политика, Хрватска од 2000 година учествува во програмата „Партнерство за мир" и е членка на „Вилнус групата" на апсирантите за пристапување во НАТО. На почетокот од 2003 година Хрватската поднесе барање за пристапување до ЕУ-Комисијата и од јули 2004 година е официјален кандидат за пристапување.

Односите кон ЕУ се заматени од бавното испорачување на озлогласени воени злосторници на Хашкиот трибунал за поранешна Југославија. ЕУ, пак, ја објави соработката со трибуналот како битен предуслов за пристапувањето во ЕУ. Од таа причина започнувањето на преговорите за пристапување, планирано за март 2005 година, беше поместено од страна на ЕУ.

Друг конфликт постои со соседот Словенија поради прецизниот тек на границата помеѓу двете земји на вода. Овој конфликт се заостри во последните години и за него се преговара пред меѓународниот суд.

На почетокот од 2008 година се чинеше дека преговорите со Хрватска заглавија: еднострано прогласената рибарска зона на хрватските територијални води од 1 јануари 2008 година ги отежна односите на Хрватска со своите ЕУ-соседи Италија и Словенија како и со самата ЕУ. Официјално Загреб говореше за еколошка зона за заштита на рибниот фонд на Јадранското море. Но, Хрватска истовремено бараше меѓународни територијални права надвор од своите територијални зони. Самата зона опфаќа 25.000 километри квадратни. Хрватската страна притоа се повика на меѓународното право и укажа на тоа дека веќе постоеле такви конкретни случаи во регионот: и Италија и Словенија еднострано прогласиле такви зони.

## Краток опис – Косово

| | |
|---|---|
| **Површина:** | 10.887 км$^2$ |
| **Жители:** | 2,127 милиони |
| **БДП / жител:** | нема податоци |
| **Стапка на раст:** | нема податоци |
| **Стапка на невработеност:** | 35 – 50% |

www.weltalmanach.de (2009)

Процесот на распаѓање на поранешна Југославија во последните речиси 20 години доведе до премногу страдања и пролеана крв. Со денот на објавувањето независност на Косово, заедницата на држави се надева дека непријатните духови од минатото се оставени зад нас и дека вниманието ќе може да се насочи кон мирна иднина. За целиот Балкан Европската унија посакува иднина во мир, стабилност и економски просперитет.

Србија и косовските Албанци не беа и понатаму не се со единствен став по прашањето, каков меѓународно-правен статус има оваа провинција. Косово објави независност, додека Србија и понатаму гледа на Косово како дел од својата државна територија. Од 1999 година Косово се наоѓа под администрација на Обединетите нации. Основа за тоа е резолуцијата 1244 на Советот за безбедност на ОН од 10 јуни 1999 година. Таа ја воспостави мисијата на Обединетите нации „УНМИК" *(мисија на Обединетите нации за привремена администрација на Косово)*. По воените случувања, УНМИК треба да воспостави преодна администрација со цел за повторно воспоставување нормални услови за живот.

Во последните месеци Косово доживеа длабоки промени: по долгогодишните, но на крај безуспешни преговори помеѓу Србија и косовските Албанци за конечниот статус, на 17 февруари 2008 година Косово ја прогласи својата независност од Србија. 22 држави на ЕУ, меѓу кои Германија, Франција, Велика Британија и Италија во меѓувреме го признаа Косово. На тој начин дојде до крај на долгиот и тежок процес на распаѓање на поранешна Југославија. Европската унија ја изразува својата надеж, дека со тоа во регионот ќе завладее мир.

### Независност на Косово

Надворешните односи досега стоеја сосем во сенка на спорот за дипломатско признавање. Од февруари 2008 година цела редица држави, меѓу кои и Германија, отворија свои амбасади во Приштина. Со исклучок на Србија, сите непосредни земји-соседи: Албанија, Црна Гора и Македонија, воспоставија дипломатски односи со Косово. Токму признавањето на Косово од страна на поранешните југословенски републики особено ја налути и истовремено разочара Србија.

Косово беше најсиромашниот регион во рамките на Југославија. Причина за тоа, покрај општата заостанатост на регионот, беше и погрешната економска и структурна политика во последните 30 години. Во Косово се наоѓаше претежно преработувачката индустрија и индустријата за производство на суровини. Косово беше субвенционирана од другите југословенски републики, но инвестициите во шеесеттите и седумдесеттите години беа околу 50% од југословенскиот просек.

## Економија

Економијата на Косово се потпира на мали земјоделски ориентирани семејства, при што се садат житарки (пченица, пченка), сончоглед, репка, шеќерна репка и грозје, како и на приватни претпријатија во секторите трговија и градежништво. Индустрискиот сектор се карактеризира со областите рударство, хемија, електроника, текстил, градежни материјали и дрво. Во областа на рударството се експлоатираат руда, јаглен, олово и цинк. Генерално индустрискиот сектор е мошне слаб.

Официјална валута е еврото. Но, Косово не е членка на Европската монетарна унија. Своевремено од страна на управата на ООН во 1999 година како валута беше воведена германската марка што веќе беше етаблирана како втора валута, за подоцна да биде заменета од еврото. Во области со претежно српско население може да се плаќа и со српски динар.

## Невработеност и сиромаштија

Во моментот кај еден милион работоспособно население има само 325.000 работни места (вклучувајќи ја нерегистрираната сива економија). Секоја година на пазарот на труд се придодаваат нови 36.000 млади луѓе.

Невработеноста во последните години падна на високо ниво (2001 година: 57,1%, 2002 година: 55%, 2003 година: 49,7%. Во 2008 година невработеноста изнесуваше помеѓу 42 и 43%. Притоа старосната група на возраст од 16 до 24 години е засегната до 60%. Според податоците на Светската банка, 37% од населението живее под прагот на сиромаштија (примања под 1,37 евра на ден по возрасно лице), додека 15% живеат под прагот на екстремна сиромаштија (приходи под 0,93 евра на ден по возрасно лице).

# Краток опис – Црна Гора

| | |
|---|---|
| **Површина:** | 13.812 $км^2$ |
| **Жители:** | 601.000 |
| **БДП / жител:** | 4.130 Euro |
| **Стапка на раст:** | 16,1% |
| **Стапка на невработеност:** | 9,0% |

www.weltalmanach.de (2009)

Црна Гора (црногорски/српски: *Crna Gora*, албански *Mali i Zi*). Оваа балканска држава, со околу 622.000 жители (попис на население од 2003 година: 620.145) и површина од 13.812 км², е една од помалите држави во Европа. Оваа планинска земја е ретко населена. Главен град е Подгорица.

Црна Гора е членка на Обединетите нации, ОБСЕ и Европскиот совет. 43% од жителите на Црна Гора се карактеризираат како Срби, околу 8% како Босанци, 5% како Албанци и 4% како словенски муслимани. Прашањето за тоа, дали Црногорците претставуваат посебен народ или се дел од српскиот народ, е спорно меѓу населението. Особено конзервативните Срби сметаат дека голем дел од Црногорците се составен дел од српскиот народ.

Истото важи и за најголемото малцинство, Босанците и словенските муслимани што живеат, пред сé, во северниот дел од земјата (црногорскиот дел на Рашка односно Санџак), каде постојат различни преференци по однос на именувањето на националноста.

Од 1990-тите години Црна Гора, меѓу другото, важеше за центар на меѓународната недозволена трговија со цигари. Во вовлеченоста на премиерот Ѓукановиќ во оваа трговија, опозицијата гледа причина за неговата кампања за независност на земјата. Во тој поглед премиерот на Црна Гора, Мило Ѓукановиќ, по неговото повторно добивање мандат како премиер на Црна Гора во март 2008 година, тој по слободна волја им се стави на располагање на истражните власти во Бари. Испитувањето опфаќаше околу 80 прашања. Договорот со судот во Бари, кој им претходеше на одговарањето на прашањата од страна на Ѓукановиќ по негова слободна волја, го спречува објавувањето на содржината на испитувањето. Ова испитување требаше да се одржи уште претходното лето 2007 година, но беше реализирано дури на крајот на март, по повторното именување на Мило Ѓукановиќ за премиер, откако неговиот партиски колега мораше да се откаже по една година поради болест.

До денес Црна Гора сé повеќе се занимава со недозволена трговија со наркотици, цигари, оружје, луѓе, украдени возила од ЕУ и неразјаснети нарачани убиства на организираниот криминал. Пример за тоа е неразјаснетото убиство на Душко Јовановиќ, шеф во редакцијата на владиниот критички весник *Дан*, кој беше убиен ноќта меѓу 24 кон 25 мај 2004 година. Расправата против еден главен осомничен беше одложена на крајот од 2006 година поради недостаток на докази.

Во најважните рудни богатства спаѓаат боксит, железна руда и кафен јаглен. Важни производни гранки во индустријата се тутунската, алуминиумската индустрија како и преработувањето сол. Во доменот на аграрот пред сé се насадуваат зеленчук, жито, компири, тутун, вино, кисели овошја, маслинки и смокви. Освен тоа, во Црна Гора одлучувачка улога игра туризмот. 15% од бруто-домашниот производ доаѓаат

оттаму. Според „Ворлд Травел и Туризм“ (WTTC), Црна Гора глобално се вбројува меѓу првите три туристички земји со најголем пораст.

Во 1999 година како валута се воведе германската марка. Во текот на конверзијата на германската марка во евро, од 2002 година како валута во земјата се употребува еврото. Бидејќи оваа земја не е членка во Европската монетарна унија, таа нема право да произведува сопствени евро-монети.

На крајот од 2005 година повторно почнаа да се објавуваат сопствени поштенски марки, првпат од 1913 година па наваму.

## Краток опис – Македонија

| | |
|---|---|
| **Површина:** | 25.713 км$^2$ |
| **Жители:** | 2,036 милиони |
| **БДП / жител:** | 3.070 евра |
| **Стапка на раст:** | 3,0% |
| **Стапка на невработеност:** | 35% |

www.weltalmanach.de (2009)

Македонија е континентална држава која на север граничи со Србија и Косово, на исток со Бугарија, на југ со Грција и на запад со Албанија. Македонија беше најјужната од југословенските републики која ја прогласи својата независност во 1991 година, нешто подоцна од Хрватска и Словенија.

Мајчин јазик на мнозинството од населението е македонскиот, додека албанскиот е втор по број на говорители, на кои овој јазик им е мајчин. Покрај тоа, регионално се говорат и турскиот, српскиот и ромскиот јазик. Сепак, голем број Роми го имаат преземено јазикот на регионот, во кој живеат.

### Држава и политика

Државното уредување на Македонија според македонскиот устав од 1991 година е република со форма на владеење парламентарна демократија. Македонскиот партиски систем се карактеризира со двоен поларитет: од една страна етничко-национален (славо-македонско и албанско), а од друга страна политички (посткомунистички и антикомунистички).

### Соседски односи

Поради спорот со името, **Грција** во април 2008 година го спречи одобрувањето за пристапување во НАТО, што беше посакувано од Македонија. Надворешната политика на Македонија се карактеризира со вложување јасни напори да стане членка на НАТО и ЕУ. Но, соседот Грција се противставува на приемот на Македонија под името Република Македонија.

На 15 јануари 1992 година **Бугарија** како прва земја ја призна независноста на Република Македонија под нејзиното уставно име, но долго време одбиваше да го признае постоењето на посебна македонска нација и посебен македонски јазик. При потпишувањето на договорот меѓу двете земји дојде до извесни компликации.

**Србија** гледа критички кон својот јужен сосед, бидејќи Македонија се отцепи од Југославија и во конфликтот на Косово беше на страната на НАТО. Есента 2008 година Македонија, заедно со Црна Гора, ја призна независноста на Косово. Поради ваквите околности, македонската политика е насочена, пред сé, на пацифизам. Посакуваните пристапувања во НАТО и ЕУ претставуваат централни теми на македонската надворешна политика.

Во 2004 година во сила влезе Спогодбата за стабилизација и асоцијација (ССА).

Македонија беше еден од економски најзаостанатите региони во Југославија, со слабо развиена индустрија и само мали наоѓалишта на суровини. Во 2000 година 9,7% од бруто-домашниот производ (БДП) доаѓаше од земјоделството, а само 31,6% од индустријата. Со околу 35% стапката на невработеност и понатаму останува на загрижувачко ниво. Македонија и понатаму е една од најсиромашни држави во Европа.

**Економска состојба**

Земјата страда од типичните проблеми на една постсоцијалистичка држава, на пример: изразена корупција, преголема администрација и неефикасност на (сѐуште донекаде државните) индустриски компании. Сивата економија претставува околу 45% од БДП.

И понатаму високата стапка на невработеност претставува еден од главните економски проблеми. Дефицитот во трговскиот биланс е висок, увозот го надминува извозот за повеќе од 70%. Ваквата нерамнотежа досега се порамнуваше со трансферите на Македонците што живеат во странство.

**Екскурс:**

спорот за уставното име „Република Македонија" започна со објавување на независноста на Македонија во 1991 година и трае до денешен ден. На почетокот Атина стравуваше од територијални барања на Скопје врз грчката провинција што носи име Македонија. До 1993 година ова го одложуваше меѓународното признавање на оваа млада држава, која во април 1993 година беше примена во Обединетите нации како ПЈРМ. Во февруари 1994 година Грција, под водство на премиерот Андреас Папандреу, изрече трговско ембарго против Македонија.
Во 1995 година дојде до придвижување во конфликтот. Благодарение на меѓународните посредници Сајрус Ванс и и Лорд Овен, Скопје и Атина потпишаа времена спогодба. Според оваа Спогодба, која истече во 2002 година, Македонија го смени своето државно знаме: таа повеќе не се претставува како „Ѕвездата од Вергина", туку како стилизирано сонце. Претходно Македонија го дополни својот устав со три дополненија, со што таа се откажува од територијални барања кон своите соседи, не се меша во нивните внатрешни работи и се стреми кон измени на границите во согласност со меѓународните норми.
Можно решение предложи невладината организација од Брисел „Меѓународна кризна група" (МКГ). МКГ наведува три клучни елемента, коишто би можеле да им овозможат решение на двете страни без да загубат на имиџ. Така, предвиден е билатерален договор помеѓу Македонија и Грција, кој и дава на Грција за право, за својот сосед да го користи називот „Горна Македонија" или некоја друга формулација. Истовремено компаниите од двете земји смеат да го користат името „Македонија" за стоки и услуги, коишто се произведуваат на односната територија. Наспроти ова, Македонија се признава од страна на меѓународната заедница на држави под уставното име „Република Македонија".

# Краток опис – Србија

| | |
|---|---|
| **Површина:** | 77.474 км$^2$ |
| **Жители:** | 7,439 милиони |
| **БДП / жител:** | 4.030 евра |
| **Стапка на раст:** | 5,7% |
| **Стапка на невработеност:** | 18,8% |

www.weltalmanach.de (2009)

Најновата историја на Србија се карактеризира со нејзината улога како најголем дел од Југославија. Владата се стреми кон пристапување во Европската унија и НАТО. Со годишен економски раст од 5% до 10% како и, пред сè, зголемени странски инвестиции како последица на напорите на Србија за пристапување во ЕУ, економијата на Србија важи за една од најбргу растечките во регионот.

## Политика и администрација

Србија има парламентарно демократско уредување со еднокоморен парламент, т.н. *Narodna Skupština* (буквално преведено: *народно собрание*) со 250 пратеници. Претседателот се избира на секои четири години директно од народот. Можен е повторен избор. Од 2004 година на оваа функција е Борис Тадиќ (ДС), кој на 3 февруари 2008 година беше избран на оваа функција по втор пат. Во Војводина и понатаму постои регионален парламент. Обласните раководства на српските окрузи, пак, се именуваат од страна на централната власт.

## Најновата историја на Србија на патот во насока кон ЕУ

Разговорите за стабилизација и асоцијација меѓу ЕУ и, во тоа време сè уште постоечкиот, сојуз на држави *Србија и Црна Гора,* а кои започнаа на 8 ноември 2005 година, беа прекинати пролетта 2006 година од страна на ЕУ, бидејќи според нејзино мислење владата во Белград не презела доволно активности за фаќање на Радован Караџиќ и Ратко Младиќ, по кои се трага како воени злосторници. По подобрената соработка на Србија со Меѓунардониот кривичен суд за поранешна Југославија (ICTY), овие разговори беа продолжени со што на 7 ноември 2007 година дојде до парафирање на Спогодбата за стабилизација и асоцијација. Сепак, до потпишување на оваа Спогодба треба да дојде само по доставувањето на Караџиќ и Младиќ на ICTY.

## Економската состојба на Србија

Голем дел од девизите што со децении се влеваат во Србија, потекнува од Србите што живеат во странство. Меѓу другото, тоа се приходи од туристичката гранка, мали, а во одделни случаи и големи инвестиции во сопствената земја во различни проекти или како поддршка за нивните семејства. Тие изнесуваат 3,5 милијарди долари годишно[. Србија спаѓа во земјите што имаат рамен данок (*flat tax*).

Околу 40% од вкупната површина на Србија се користи како аграрно земјиште. Земјоделството сочинува 16,6% од српскиот бруто-домашен производ. Согласно статистиката од 2002 година, околу 30% од вкупното население работи во

земјоделството. Индустрискиот сектор на земјата неколку години наназад се наоѓа во постојан подем. Најголемиот број фирми во Србија беа државни претпријатија.

**Екскурс:**

од 1991 година започна распадот на Југославија и сите републики, со исклучок на Србија и Црна Гора, постепено објавуваа независност. На 27 април 1992 година Србија и Црна Гора ја основаа Сојузна Република Југославија. Таа не беше призната како единствен правен наследник на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, но можеше да го продолжи членството на Југославија во Обединетите нации.
Со отцепувањето на Словенија, Хрватска и Босна и Херцеговина започнаа југословенските војни. Најпрво интервенираше југословенската народна армија, која беше под команда на Белград. Но, по меѓународното признавање на Словенија, Хрватска и Босна и Херцеговина, таа мораше да ги напушти териториите што повеќе не беа југословенски. Србија српските парамилитарни организации во воените области од Хрватска и Босна ги поддржуваше и воено и финансиски, но ја прекина таквата поддршка откако ООН донесе заклучок за воведување трговско ембарго против Сојузна Република Југославија.
Иницијатор на санкциите беа познатите етнички чистења што беа насочени против босанските муслимани. Со помош на Србија, хрватските и босанските Срби успеаја да се здобијат со големи територии. Но, најголем дел од тие области повторно беа изгубени во текот на војната. За време на хрватската воена операција „Олуја" во август 1995 година, беа прогонети околу 200.000 хрватски Срби, меѓу нив и совладаната армија на Република Српска Крајина. Откако хрватската армија и босанските воени сили успеаја да напредуваат во Босна, исто така и голем број босански Срби пребегаа во Сојузна Република Југославија или се преселија во трети земја, кадешто се наоѓаат делумно и до денес.
По Дејтонската спогодба, со која се стави печат на граѓанската војна во Босна и Херцеговина како и по крајот на Крајина, по 1995 година сатусот на покраината Косово, која беше мнозински населена од Албанци, остана последното политички горливо прашање во војните од распадот на Југославија. За сите лидери на Албанците, независноста од Србија претставуваше централно политичко барање. Во *Годишниот извештај за 1996*, Амнести Интернешнал го сврте вниманието на очајната состојба со човековите права во Косово. На растечкиот број насилни немири во Косово српското раководство под Слободан Милошевиќ се обиде да му стави крај со полициски, а на крајот и со воени средства.
УЧК („Ослободителна армија на Косово"), која оперираше со терористички средства, во 1996 година започна со засилени напади врз српските безбедносни сили. Покрај тоа, дојде до насилни акции против српското цивилно население во градовите. Со наоружувањето на УЧК од воените резерви на Албанската армија, каде по востанието во 1997 година дојде до колапс на државните структури и пљачкање на сите залихи на муниција, таа засилено продолжи да се движи по својот курс на конфронтација против српските безбедносни сили, на што, пак, се противстави партијата на Ибрахим Ругова.
По претседателските избори во Србија во 1997 година, кои речиси комплетно беа бојкотирани од Албанците на Косово, состојбата продолжи да ескалира. Со засилената активност на УЧК, која во текот на 1998 година успеа да ја преземе контролата во регионот на Дреница, српските безбедносни сили започнаа координирана полициска контраофанзива што беше поддржана од единиците на армијата, а заврши со уништување на јадрото на единиците на УЧК во регионото на Дреница.

По повторното разгорување на судирите пролетта 1999 година, НАТО, под водство на САД, се обиде да му го наметне на српското раководство договорот во француското место Рамбуље, кој преку еден таен воен прилог го содржеше окупацијата на Сојузна Република Југославија од страна на трупите на НАТО, што за српската влада едноставно беше неприфатливо. Одбивањето на ултиматумот за окупирање на Југославија, НАТО го толкуваше како *касус бели* и од 24 март 1999 година авиони на западната воена алијанса 78 дена по ред ја бомбардираа цела Сојузна Република Југославија.
Воздушната војна што беше извршена без мандат на ООН, означена како *хуманитарна војна*, имаше за цел окупирање на дел од Србија со употреба на сила. Со укинувањето на територијалниот суверенитет на една земја и воениот упад на западната воена алијанса без мандат од ООН, според еден дел од меѓународно-правните експерти претставува дејство против меѓународното право, додека според гледиштето на други експерти, таквата акција има легитимитет според правото за итна помош.
Состојбата на Албанците во Косово се заостри со оглед на тоа што српските воени сили не се повлекоа од таа територија, како што се очекуваше. Под притисок на бомбардирањата, југословенската влада на 10 јуни 1999 година се согласи со Резолуцијата 1244 на ОН и го потпиша *Кумановскиот договор*.
На 17 август 2004 година, српското народно собрание едногласно ги предложи поранешноот кралски грб и химната „Боже правде" од 19 век како национални симболи, но само провизорно, додека не се утврди конечно решение. Химната и грбот од времето на српската монархија треба да ги заменат последните комунистички симболи. Грбот претставува двоглав сребрен орел, сребрен крст и круна.

# Краток опис – Турција

| | |
|---|---|
| **Површина:** | 779 000 км² |
| **Жители:** | 72,975 мил. |
| **БДП во ПКМ / жител:** | 5400 УСД |
| **Стапка на раст:** | 6,1% |
| **Стапка на невработеност:** | 9,9% |

www.weltalmanach.de (2009)

Историјата на Турција како републиканска држава започна во 1923 година. Во една серија културно-револуционерни насилни акции, Мустафа Ќемал „Ататурк" се обиде да создаде една модерна држава според западен пример. Притоа концептот „ќемализам" се кристализираше во шест принципа, кои во 1934 година беа преземени во државната партија Републиканска народна партија (ЦХП), основана во 1934 година. Тие гласат: национализам (воспоставување турска национална држава), секуларизам (лаицизам што значи поделба на државата и религијата, а со тоа оттргнување од идејата за исламски „рајх"), републиканизам (избирање републиканска форма на управување, со конечно откажување за повторното воведување на султанско или калифатско владеење) и популизам (еднаквост на граѓаните, без разлика на припадноста кон некој народ, јазик и вера, при што „волјата на народот" треба да биде признаена како конститутивен елемент на турската држава), етатизам (определувачка улога на државата во економијата), реформизам (постулат на перманентно динамично преобликување на државата и општеството).

Од реформите на Ататурк, Турција реализираше процес на реориентација, кој е толку радикален и, покрај претрпените удари, така одржлив како што не е случај со ниедна друга исламска земја. Стремежот за интегрирање во Западна Европа и до денес води до мерки за демократизација, а во август 2002 и до измени на уставот.

Новиот граѓански законик што влезе во сила на 1 јануари 2002 година, беше пресвртница во напорите на Турција при изедначувањето со стандардите на ЕУ, бидејќи овој закон воведе значајни измени во областите како: полова рамноправност, заштита на децата и слабите и слобода на здружување.

Во поглед на политичките реформи, од 2007 година се постигнати само ограничени напредоци:

- кај слободното изразување мислење и правата на немуслиманските религиозни заедници потребни се и понатаму значителни напори.
- потребни се дополнителни напори во областите: сузбивање на корупцијата, судскиот систем, правата на синдикатите, децата и жените, културните права како и во областа на граѓанската контрола над безбедносните сили;
- новата влада треба неодложно да дејствува во овие приоритетни области;
- во поглед на најитните теми, имено слободното искажување мислење и религиозната слобода, владата треба веднаш да преземе повеќе чекори.
- се зголемија терористичките напади на ПКК, која се наоѓа на листата на ЕУ на терористички здруженија. Од одлучувачко значење е, Турција и Ирак заеднички да му пријдат на овој проблем преку соработка меѓу надлежните служби, при што е потребно да се почитува меѓународното право;
- Турција мора да ги реши сериозните економски и социјални проблеми во југоисточниот дел од земјата. Освен тоа, Турција ги одржа своите ограничувања за директни сообраќајни врски со Кипар.

**Економија**

Во 2002 и 2003 година економијата започна да заздравува од длабоката рецесија од 2001 година. Моторот на подемот главно беше извозот и повторното полнење на магацините. Се чини дека побарувачката во земјата од пред кратко време повторно е актуелна, инфлацискиот притисок се намали. Реалните каматни стапки и понатаму се високи, додека невработеноста и понатаму се зголемува, во второто тромесечје од 2003 година 10 проценти наспроти 9,3 проценти во претходната година. Стапката на невработеност јасно варира меѓу 13,2 проценти во градските региони и 6,3 проценти во руралните предели. Невработеноста меѓу младите е зголемена на 20 проценти. Иако разликите во примањата во последните години значително се изостриja, појавата на апсолутна сиромаштија во значителна мера беше избегната.

**Односите меѓу Европската унија и Турција**

Со приемот на Кипар во ЕУ, историски непријателскиот однос меѓу Турција и Грција не се подобри. Граничните спорови во морскиот регион како и спротиставените гледишта по однос на поделениот остров Кипар (од 2004 година грчкиот југ на Кипар пристапи во ЕУ како земја-членка, додека турски доминираната северна република е призната само од Турција и е поддржана од турски трупи) ги оптоваруваат односите. Но, приближувањето на Турција кон ЕУ претпоставува конструктивен став на Анкара по однос на кипарското прашање. Турското признавање на грчкиот дел на Кипар како држава, што од страна на ЕУ беше поставено како услов за започнување на преговорите за пристапување, досега не е направено. Сепак, мора да се има предвид дека саканото повторно обединување на островот од страна на ООН се покажа како безуспешно, не поради турските Кипарци, туку поради негативното гласање на кипарските Грци.